# Phonak Baseo Q

Q15, Q10, Q5

Упатство за употреба




PHONAK
life is on

# Содржина


**1. Добредојдовте** **5**

**2. Важни безбедносни информации Внимателно прочитајте пред првата употреба на слушниот апарат** **6**

Предупредувања 6

Информации за безбедност на производот 9

**3. Опис на слушниот апарат** **12**

**4. Чекор по чекор инструкции за користење на слушен апарат** **15**

**Чекор 1.** Запознавање со слушниот апарат 15

**Чекор 2.** Подготовка на батеријата 17

**Чекор 3.** Поставување на батеријата 18

**Чекор 4.** Вклучување на слушниот апарат 19

**Чекор 5.** Поставување на слушниот апарат 20

**Чекор 6.** Поддесување на јачината на звукот 26

**Чекор 7.** Селектирање на програма за слушање 27

**Чекор 8.** Отстранување на слушниот апарат 28

**Чекор 9.** Исклучување на слушниот апарат 30
**Чекор 10.** Промена на батеријата 30

**5. Грижа и одржување 31**

**6. Проблеми кои може да се јават при користење на нов слушен апарат 33**

**7. Безжични додатоци и ФМ системи 35**

**8. Сервис и гаранција 37**

**9. Информации за усогласеност 39**

**10. Информации и објаснување на симболите 40**

Ова упатство е валидно за:

| **Безжичните модели** | **CE ознака:** |
| --- | --- |
| Phonak Baseo Q15–M | 2013 |
| Phonak Baseo Q15–P | 2013 |
| Phonak Baseo Q15–SP | 2013 |
| Phonak Baseo Q10–M | 2013 |
| Phonak Baseo Q10–SP | 2013 |
| Phonak Baseo Q5–M | 2013 |
| Phonak Baseo Q5–SP | 2013 |

# 1. Добредојдовте

Вашиот нов слушен апарат е производ со врвен Швајцарски квалитет. Произведен од Phonak, една од светските водечки компании во технологијата на слушни апарати. Вашиот слушен апарат ја поседува најмодерната дигитална технологија моментално достапна на пазарот.

Ве молиме, внимателно прочитајте ги инструкциите за користење, за да можете да ги искористите сите можностите кои ги нуди Вашиот слушен апарат. Со внимателна употреба и грижа, ќе бидете во можност долгорочно да го користите Вашиот слушен апарат.

Доколку имате прашања, Ве молиме консултирајте се со Вашиот специјалист за слушни апарати.

**Phonak – life is on** **www.phonak.com**

0459

# 2. Важни безбедносни информации

**Ве молиме прочитајте ги информациите на следниве страници пред употреба на Вашиот слушен апарат.**

Слушниот апарат нема да го врати Вашиот слух и нема го спречи или подобри оштетувањето на слухот кое произлегува од органски услови. Нередовна употреба на слушниот апарат му оневозможува на корисникот да има негова целосна корист. Употребата на слушно помагало е само дел од способноста за слушање и можеби е потребна обука и инструкции за тоа да се надополни.

## 2.1 Предупредувања

⚠ Намената на слушниот апарат е да го засили и пренесе звукот до ушите и притоа да компензира за оштетениот слух. Слушните апарати (исклучиво програмирани за нечие оштетување) можат да се користат само од корисникот за кого се наменети. Доколку ги користи лице за кое не се наменети, слухот ќе се оштети.

⚠ Промени или модификации на слушниот апарат кои не се одобрени од Phonak се недозволени. Таквите промени можат да го оштетат Вашето уво или слушниот апарат.

⚠ Не ги користете слушните апарати во области со експлозиви (мини или индустриски области со опасност од експлозии).

⚠ Батериите за слушниот апарат се токсични доколку се проголтаат! Држете ги подалеку од дофат на деца и домашни миленици. Доколку овие батерии се проголтаат, веднаш побарајте лекарска помош!

⚠ Доколку почувствувате болка во или позади уво, ако е воспалено, ако кожата е иритирана или имате повеќе церумен од претходно, Ве молиме обратете се кај Вашиот лекар.

⚠ Во многу ретки случаи, оливата може да остане во Вашиот ушен канал кога го отстранувате цевчето од увото. Доколку се случи тоа да се заглави во увото, веднаш консултирајте се со Вашиот специјалист за слушни апарати.

⚠ Програмите на слушните апарати кога се во опција „директен микрофон“ ја намалуваат позадинската бучава. Ве молиме, бидете свесни дека предупредувачките сигнали или звуците кои доаѓаат од позадината, пр. автомобили, се делумно или целосно потиснати.

## 2. Важни безбедносни информации

⚠ Слушниот апарат содржи мали делови кои не смеат да бидат на дофат на деца. Држете ги подалеку од дофат на деца и домашни миленици. Доколку овие батерии се проголтаат, веднаш побарајте лекарска помош!

⚠ Екстерни уреди можат да бидат поврзани само доколку се тестирани во согласност со IECXXXXX стандардите. За да се заштитите од електричен удар, користете само додатоци одобрени од Phonak AG.

⚠ Само за оние кои имаат имплантирани уреди (пејсмејкери, дефибрилатори и т. н.):

- Доколку имате магнет за EasyPhone, или алатка за ракување со батерија, држете ги минимум 15см подалеку од активниот имплант
- Не смеете да користите безжична опрема за вашите слушни помагала. Консултирајте се Вашиот специјалист за слушни помагала.

## 2.2 Информации за безбедност на производот

ⓘ Phonak слушните апарати се отпорни на влага, но не и водоотпорни. Тие се дизајнирани да издржат нормални активности и повремено случајно изложување на екстремни услови. Никогаш не го потопувајте Вашиот слушен апарат во вода! Phonak слушните апарати не можат да издржат чести подолги периоди на потопување во вода, како што е пример кај активностите како пливање или капење. Секогаш отстранете го слушниот апарат пред овие активности бидејќи тој содржи осетливи електронски делови.

ⓘ Никогаш не го мијте влезот на микрофонот. Тоа би можело да да предизвика загуба на посебните акустични карактеристики

ⓘ Штитете го Вашиот слушен апарат од топлина (никогаш не го оставајте близу прозорец или во автомобил). Никогаш не користете микробранова печка или други уреди за затоплување со цел да го исушите Вашиот слушен апарат. Консултирајте се со Вашиот специјалист за соодветни методи на сушење.

## 2. Важни безбедносни информации

ⓘ Кога не го користите слушниот апарат, оставете го капачето за батеријата отворено, доколку има влага во апаратот, таа ќе испари. Осигурајте се дека Вашиот апарат е целосно сув пред да го користите. Чувајте го слушниот апарат на безбедно, суво и чисто место.

ⓘ Внимавајте на Вашиот слушен апарат! Секој пад на слушниот апарат на тврда површина, може да го оштети.

ⓘ Секогаш употребувајте нови батерии за Вашиот слушен апарат. Во случај батеријата да истекува, заменете ја со нова за да избегнете иритација на кожата. Потрошените батерии може да ги вратите кај Вашиот специјалист за слушни помагала.

ⓘ Батериите кои се користат во овие слушни помагала не треба да надминуваат 1,5 волти. Ве молиме не користете сребро-цинк или не Литиум-јонски (литиум -јон) батерии бидејќи тие може да предизвикаат сериозни оштетувања на Вашиот слушен апарат.  Табелата во поглавјето 3 објаснува точно кој тип на батерии му се потребни на Вашиот апарат.

ⓘ Отстранете ја батеријата од апаратот доколку не ја употребувате.

ⓘ При испитувања како рентген, магнетни резонанси и други радијации, препорачуваме да го отстраните Вашиот слушен апарат, бидејќи тие можат да ја нарушат неговата функционалност:

- Кога одите на медицински или забен рентген
- Кога одите на магнетни резонанси или други скенирања и радијации кои генерираат магнетни полиња

При испитувања како рентген, магнетни резонанси и други радијации, препорачуваме да го отстраните Вашиот слушен апарат, бидејќи тие можат да ја нарушат неговата функционалност.

ⓘ Не го користете Вашиот слушен апарат во области каде што е забранета употреба на електронски уреди.

# 3. Опис на слушниот апарат

Следните инструкции за употреба ги опишуваат различните модели на слушни апарати: **M312**, **M13** и **SP** слушните апарати.

Различните типови на слушни апарати можат да користат различни типови на силиконски влошки. **На следните страници се прикажани слики од слушните апарати и силиконски влошки кои ги користите.**

Следнава табела покажува која батерија е соодветна за кој модел на слушен апарат.

| **Model** | **Zinc air battery size (ознаката е на пакувањето)** | **IEC code** | **ANSI code** |
|---|---|---|---|
| M | **13** (портокалова) | PR48 | 7000ZD |
| P | **13** (портокалова) | PR48 | 7000ZD |
| SP | **13** (портокалова) | PR48 | 7000ZD |

Ве молиме проверете дали го користите точниот тип на батерии на вашиот слушен апарат (цинк –воздух). Ве молиме исто така прочитате поглавјето 2.2 за дополнителни информации за безбедност на производите.

## Опција А: со индивидуална влошка




① Индикаторот за лев или десен апарат (десно = црвено, лево = сино), се наоѓа во капачето од батеријата.

② Капаче за батерија со прекинувач за вклучување и исклучување на апаратот

③ Потенциометар за јачина на звук

④ Програмски прекинувач

⑤ Влез за микрофон

⑥ Хорна

⑦ Силиконска туба за пренос на звук

⑧ Индивидуална влошка

**Опција Б: Dome**




**Опција В: SlimTip**




① Силиконска туба за пренос на звук
② Силиконска влошка: Dome
③ Продолжеток
④ Силиконска влошка: SlimTip
⑤ Рачка за отстранување

# 4. Чекор по чекор инструкции за користење на слушен апарат

Следното поглавје обезбедува чекор-по-чекор инструкции за употреба на слушниот апарат. Ве молиме следете ги овие чекори внимателно. На цртежите, деловите кои се особено важни, се прикажани со зелена боја.

**Чекор 1.** Запознавање со слушниот апарат

Земете го во рака апаратот и обидете се да ги пробате контролните опции доколку постојат. Ова ќе Ви го олесни понатамошното управување со апаратот додека го носите.

## 4. Инструкции за користење на слушен апарат

За да ја зголемите јачината на звукот, притиснете го потенцометарот нагоре. За да ја намалите јачината на звукот, притиснете го потенцометарот надолу *(Сл. 1а)*.




*Сл. 1а*

За да ја промените програмата за слушање, притиснете го програмскиот прекинувач, прикажан на *(Сл. 1б)*.




*Сл. 1б*

**Чекор 2.** Подготовка на батеријата

Отстранете ја заштитната фолија од новата батерија *(Сл. 2)*. Почекајте две минути за активирање на батеријата пред да ја поставите во лежиштето.



*Сл. 2*

**Чекор 3.** Поставување на батеријата

Земете го слушниот апарат во рака и отворете го капачето за батеријата *(Сл. 3а)*. Поставете ја батеријата така што страната со знакот + е видлива за Вас *(Сл. 3б)*.



*Сл. 3а*



*Сл. 3б*

**Чекор 4.** Вклучување на слушниот апарат

Вклучете го слушниот апарат со затворање на капачето на батеријата *(Сл. 4)*.



*Сл. 4*

ⓘ **Нежно и внимателно отворете и затворете го капачето од лежиштето за батеријата.**

ⓘ **Проверете дали чувствувате отпор при затворање на батеријата. Проверете дали батеријата е правилно поставена и е во правата насока. Ако батеријата е поставена на погрешен начин, апаратот нема да работи и лежиштето за батеријата ќе биде оштетено.**

Слушниот апарат е сега вклучен. Потребни се 15 секунди за да отпочне со работа. (Доколку го носите слушниот апарат, ќе слушнете акустичен сигнал).

**Чекор 5.** Поставување на слушниот апарат

Овој чекор покажува како правилно да го поставите слушниот апарат. Инструкциите се однесуваат за сите модели на слушни апарати. Типот на силиконската влошка го одредува поставувањето на слушниот апарат.

ⓘ **Секој слушен апарат е индивидуално програмиран за Вашето десно или лево уво. Најпрво, научете да распознавате десен и лев апарат за да го поставите на вистинската страна.**

**Чекор 5.1** Идентификувајте го слушниот апарат за десно и лево уво

Индикатор во боја:
десно = црвена
лево = сина



*Сл. 5а*

## **Чекор 5.2** Поставување на слушен апарат со индивидуална влошка

Поставете ја силиконската влошка во правилна позиција на Вашето уво. Со Вашата десна рака, земете ја влошката за Вашето десно уво (обележано со црвено на слушниот апарат, погледнете 5.1) помеѓу Вашиот палец и показалец *(Сл. 5б)*.

Поставете ја влошката до увото *(Сл. 5б)*. Потоа внесете ја во увото( погледнете го делот заокружен со зелено *(Сл. 5б)*. Потоа поставете го апаратот позади уво *(Сл. 5в)*. Потоа горниот дел од влошката поставете го во горниот дел од ушната школка *(Сл. 5г)*.



*Сл. 5б*



*Сл. 5в*



*Сл. 5г*

Доколку се соочите со проблеми при поставувањето на слушниот апарат, со помош на другата рака, нежно повлечете ја ушната школка надолу. На овој начин повеќе се отвара ушниот канал и можете да ја местите влошката сé додека не ја поставите правилно.

Со прст проверете дали влошката е правилно поставена во увото. Ќе знаете дали е правилно поставена кога со допир ќе ѓи почувствувате контурите на увото а не на слушниот апарат *(Сл. 5д)*. За почеток Ве молиме употребувајте огледало.



*Сл. 5д*

Откако го поставивте правилно Вашиот слушен апарат за десно уво, истото направете го и со слушниот апарат за Вашето лево уво ( обележан со сино, видете го чекор 5.1).

**Чекор 5.3** Поставување на слушен апарат со влошка: Dome

Пред да ја поставите влошката, проверете дали е правилно поставена на тубата. Со десната рака поставете го Вашиот десен слушен ( обележано со црвено, чекор 5.1) позади Вашето десно уво *(Сл. 5ѓ)*. Поставете ја силиконската туба помеѓу Вашиот палец и показалец. Потоа, поставете ја силиконската олива во Вашето уво така што тубата е прилепена кон увото *(Сл. 5е)*. Доколку Вашата олива има силиконски продолжеток, притиснете го во школката со цел да ја задржите оливата во ушниот канал *(Сл. 5ж)*.



*Сл. 5ѓ*



*Сл. 5е*



*Сл. 5ж*

Доколку се соочите со проблеми при поставувањето на слушниот апарат, со помош на другата рака, нежно повлечете го увото надолу. На овој начин повеќе се отвара ушниот канал и можете да ја местите оливата се додека не ја поставите правилно.

Успешно го поставивте десниот слушен апарат. Сега на ист начин поставете го и Вашиот лев апарат ( обележано со сино, чекор 5.1).

**Чекор 6.** Поддесување на јачината на звукот

За да ја зголемите јачината на звукот притиснете го потенциометарот нагоре. За да ја намалите јачината на звукот, со помош на Вашиот показалец, притиснете го потенциометарот надолу. Вашиот палец нека служи како подлога за слушниот апарат *(Сл. 6а)*.




*Сл. 6а*

**Чекор 7.** Селектирање на програма за слушање

За да промение програма за слушање, притиснете го копчето за програми, подолу прикажано *(Сл. 7)*.



*Сл. 7*

Ако притиснете повторно, ќе ја промените програмата. Ќе слушнете краток сигнал кој ја потврдува промената.

Сигналот ќе го слушнете само ако апаратот е вклучен и поставен правилно на Вашето уво.

**Чекор 8.** Отстранување на слушниот апарат

**Чекор 8.1** Отстранување на слушен апарат со индивидуална влошка

Нежно отстранете го слушниот апарат со негово повлекување во правец нагоре, над увото, не го допирајте силиконското цевче од влошката *(Сл. 8а)*.



*Сл. 8а*

Со помош на палецот и показалецот остранете ја влошката од увото, без да го повлекувате силиконското цевче *(Сл. 8б)*.



*Сл. 8б*

## **Чекор 8.2** Отстранување на слушен апарат со влошка: Dome

Внимателно отстранете го слушниот апарат со помош на силиконката туба од Вашето уво *(Сл. 8в)*.



*Сл. 8в*

⚠ **Во многу ретки случаи, силиконската влошка може да остане во Вашиот ушен канал кога го отстранувате силиконското цевче од увото. Доколку се случи тоа, Ве советуваме да го посетите Вашиот специјалист за слушни апарати.**

**Чекор 9.** Исклучување на слушниот апарат

Вашиот слушен апарат можете да го исклучите со отворање на капачето за батеријата *(Сл. 9)*.



*Сл. 9*

**Чекор 10.** Промена на батеријата

Пред да се испразни батеријата целосно, Вашиот слушен апарат ќе ви даде акустичен сигнал дека таа треба да се промени. Штом ова се појави, имате отприлика 30 минути (во некои случаи подолго) да ја промените батеријата. Сигналот се повторува на секој половина час. Препорачуваме да имате резервна батерија секогаш со себе.

# 5. Грижа и одржување

Рутинската нега на слушниот апарат придонесува тој да ги задржи своите исклучителни перфоманси и да има долготрајна употреба.

Ве молиме користете ги следниве спецификации како упатство:

**Општи информации**
Пред да употребувате спреј за коса или било каква козметика, отстранете го апаратот од вашето уво, бидејќи овие производи можат да го оштетат.

Никогаш не го мијте или чистите влезот на микрофонот (Погледнете во поглавје бр. 3). На тој начин можете да го оштетите звукот на апаратот.

**Дневно**

Отстранете ја влошката од апаратот за ги исчистите маснотијата и влагата кои настануваат при носење на апаратот. Исчистете ја површината со суво крпче. Никогаш не употребувајте домашни детергенти како прашак за перење, сапуни и сл. за чистење на Вашиот слушен апарат. Доколку е потребно често чистење на Вашиот апарат побарајте совет од Вашиот специјалист за слушни помагала.

**Неделно**

Чистете ја силиконската влошка со мека, влажна марамица или со специјален сет за чистење на слушни апарати. За повеќе информации обратете се кај Вашиот специјалист за слушни помагала.

**Месечно**

Доколку забележите промена во бојата на силиконската влошка, таа е стврдната или пукната, обратете се кај Вашиот специјалист за слушни апарати, за да се промени силиконското цевче или да се земе мерка за нова.

# 6. Проблеми кои може да се јават при користење на нов слушен апарат

**Слушниот апарат звучи послабо од вообичаено / нема звук**
Најпрвин, проверете дали можете да го поддесите звукот погласно со потенциометарот за јачина на звук. Потоа проверете дали силиконската влошка и силиконското цевче се чисти. Проверете дали батеријата е правилно поставена во апаратот. Доколку нема подобрување, променете ја батеријата. Ако проблемот сеуште постои, обратете се кај Вашиот специјалист за слушни апарати.

**Пребрзо празнење на батеријата**
Ставете нова батерија и забележете точно колку време таа ќе трае. Информирајте го Вашиот специјалист за слушни апарати, за да Ве советува и помогне.

**Звуци како напукнување или зуење**
Проверете дали силиконската влошка и силиконското цевче имаат остатоци од маснотија. Доколку силиконското цевче е оштетено, обратете се кај Вашиот специјалист за слушни апарати, за да се замени со ново.

**Свирење**

Проверете дали силиконската влошка е правилно поставена во увото. Доколку е правилно поставена а проблемот сеуште постои обратете се кај Вашиот специјалист за слушни апарати.

**Болка или воспаление во увото**

Отстранете го слушниот апарат и обратете се кај Вашиот специјалист за слушни апарати. Доколку се работи за по-сериозен проблем, Ве молиме обратете се кај Вашиот лекар.

# 7. Безжични додатоци и ФМ системи

Phonak располага со широка палета на безжични производи кои Ви овозможуваат целосна корист и контрола на слушниот апарат во одредени ситуации како гледање ТВ, разговор по телефон и комуникација на далечина во бучна средина.

**Комуникација на далечина во бучна средина**

Roger/ФМ додатоците ја подобруваат комуникацијата на далечина во бучна средина, со тоа што директно го испраќаат гласот на соговорникот до Вашиот слушен апарат. Roger/ФМ содржат микрофон и ресивер. Некои Roger/ФМ микрофони се поддржани и со опцијата за Bluetooth или кабел.

Микрофон: Кога се носи близу звучник, директно го пренесува звукот до ресиверот и ја изолира бучавата од околината.

Ресивер: Прикачен на Вашиот слушен апарат кој се носи позади уво или со помош на приврзок околу вратот.




*Ресивер кој се носи на Вашиот апарат*

* Некои Roger/ФМ микрофони поддржуваат влез од аудио извори преку Bluetooth или кабел.

# 8. Сервис и гаранција

### 8.1. Локална гаранција

Ве молиме консултирајте се со Вашиот специјалист за слушни помагала за Вашата локална гаранција.

### 8.2 Меѓународна гаранција

Phonak нуди гаранција од една година, валидна од денот на купување на производот. Оваа ограничена гаранција покрива поправки во случај на производствени дефекти, но не додатоци како батерии, силиконски влошки и цевчиња, надворешни звучници. Гаранцијата е валидна само со прикажан доказ за купување на производот.

Меѓународната гаранција не е под влијание на закони за потрошувачи кои се од легитимно значење во локалната земја.

### 8.3 Ограничувања на гаранцијата

Оваа гаранција не ги покрива штетите направени од невнимателно ракување, изложеност на хемикалии, вода или непотребен стрес. Гаранцијата не важи доколку штетата е предизвикана од трети лица или неавторизирани сервисни центри.

Сериски број (лева страна):

____________________________

Сериски број (десна страна):

____________________________

Датум на купување:

____________________________

Авторизиран сервис (печат / потпис)

____________________________

# 9. Информации за усогласеност

**Европа:**

**Декларација за сообразност**
Со ова Phonak AG изјавува дека овој производ на Phonak ги исполнува барањата на директивата за медицински помагала 93/42/EEC, како и директивата за радио и телекомуникациска опрема 1999/5/EC. Целосниот текст од Декларација за сообразност може да се добие од производителот. www.phonak.com.

Австралија:

Код на добавувачот N15398

Нов Зеланд:

Код на добавувачот Z1285

# 10. Информации и објаснување на симболите

CE
XXXX

Со CE симболот, Phonak AG потврдува дека овој производ на Phonak- вклучувајќи и додатоци – ги исполнува барањата на Директивата за медицински помагала 93/42/EEC, како и R&TTE Директивата за радио и телекомуникациска опрема 1999/5/EC. Броевите кои доаѓаат по CE симболот се однесуваат на код на овластени институции кои се консултирани за горенаведените Директиви.

---

Овој симбол означува дека производите опишани во ова упатство се придржуваат кон барањата во делот за апликација Тип Б од EN60601-1. Површината на слушниот апарат е специфицирана под делот Тип Б.

---

Го означува  производителот на медицинското помагало, дефинирано според Директива EU 93/42/EEC.

---

| | |
|---|---|
| | EMC и радио комуникации амбалажа во согласност со Австралија |
| | Овој симбол означува дека е важно корисникот да ги прочита и да ги земе во предвид сите важни информации во овие упатства. |
| | Овој симбол означува дека е важно корисникот да обрне внимание на важните мерки за претпазливост во овие упатства. |
| | Важни информации за ракување и безбедност на производите. |
| **Услови на функционалност** | Производот е дизајниран да функционира без проблеми или ограничувања доколку се користи според приложеното упатство. |

## 10. Информации и објаснување на симболите



Температура: –20°до 60° Целзиусови степени (-4 до +140 Фаренхајтови степени)



Влажност на воздухот од 0% до 70%, доколку не се користи погледнете инструкции во поглавје 2.2 за сушење на слушниот апарат по употреба.



Атмосферски притисок: 200 и 1500 hPa.



Симболот се прецртана корпа за отпадоци значи дека слушниот апарат не смее да биде фрлен како отпад од домаќинство. Ве молиме ослободете се од вашиот стар слушен апарат во отпадок за електронски уреди или однесете го кај вашиот специјалист за слушни апарати. Правилното негово отстранување ја штити средината и здравјето.